# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2502-226/35 од 11 септември 2014 година донесена на 125. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11 септември 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научната област дигестивна хирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Утрински весник“ и „Коха“ на 23 август 2014 година година и во предвидениот рок се пријави д-р Стефан Петровски, асистент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Стефан Петровски** е роден на 27 ноември 1982 год. во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип (гимназија „Славчо Стојменски“, насока природно-математичка, 1997-2001 год.) со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Р. Македонија, се запишува во учебната 2001/2002 год. и дипломира на 3 декември 2007 год. со просечен успех 8,56 и се здобива со стручниот назив, доктор на медицина. По положувањето на стручен државен испит на 27 јуни 2008 год. се здобива со работна лиценца. На 1 ноември 2008 год. се вработува како лаборант на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. По шестмесечно работно искуство Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на својата трета седница одржана на 3 декември 2008 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија по пријавата на Стефан Петровски за избор во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки, на распишаниот Конкурс од 13 декември 2008 година објавен во весникот „Дневник“. Од 5 март 2009 год. се здобива со звање помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. На 15 октомври 2009 година започнува со специјализација по општа хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје и завршува на 12 март 2014 год. и се стекнува со назив специјалист по општа хирургија. По тригодишно работно искуство како помлад асистент, Научно-наставниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на својата 54. седница одржана на 16 септември 2011 год. донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија по пријавата на Стефан Петровски за избор во звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки. На 16 септември 2011 год. се здобива со соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки. До денес успешно ги извршува работните обврски како асистент на Факултетот за медицински науки – Штип. Од 26 октомври 2011 год. е запишан на трет циклус студии од областа дигестивна хирургија на тема „Колоректални метастази на црниот дроб - принципи на хирушко лекување“ при Медицинскиот универзитет во Софија, Р.Бугарија, и истите се во тек.

Член е на Лекарска комора на Македонија, Македонско лекарско друштво и Здружение на хирурзи на Република Македонија.

Кандидадот ги исполнува условите за избор во звање асистент-докторанд за научната област дигестивна хирургија што се докажува со:

1. Остварен просечен успех од прв циклус на студии 8,56;
2. Трет циклус студии од областа дигестивна хирургија (во тек);
3. Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик – Б1;
4. Има објавено 6 научни трудови;
5. Покажува способност за наставно-научна дејност;
6. Има 2 препораки од професори за соодветната научна област за која се врши изборот.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

На 1 ноември 2008 г. се вработува како лаборант на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

На 5 март 2009 год. се здобива со звање помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

На 6 јули 2009 год. се распоредува на матична Катедра по хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

На 16 септември 2011 год. се здобива со соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки.

Од учебната 2009/2010 год. е ангажиран за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Биохемија на студиската програма Општа медицина.

Од учебната 2010/2011 год. е ангажиран за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Физиологија на студиската програма Оптометрија, Анатомија 1 и 2 на студиската програма Општа медицина и Епидемиологија на ВЗШ и МСТ.

Од учебната 2011/2012 год. е ангажиран за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Хирургија со урологија и нега, Хирургија со рехабилитација и нега на програмата за ВЗШ-МСТ, ФТ, Анатомија 2 за студиската програма Општа медицина.

Од учебната 2012/2013 год. е ангажиран за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Хирургија со урологија и нега, Хирургија со рехабилитација и нега на програмата за ВЗШ-МСТи ФТ, Хирургија 1 на студиската програма Општа медицина, Хирургија на студиската програма Дентална медицина и Клиничко испитување 2 на студиската програма Општа медицина.

Од учебната 2013/2014 год. е ангажиран за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Хирургија со урологија и нега, Хирургија со рехабилитација и нега на програмата за ВЗШ-МСТи ФТ, Хирургија 1 и 2 на студиската програма Општа медицина, Хирургија на студиската програма Дентална медицина и Клиничко испитување 2 на студиската програма Општа медицина.

***Список на научни трудови***

1. **Petrovski S**- Акутен холецистит- Конзервативен третман или рана лапароскопска холецистектомија (Medicus Vol.IX септември 2010) ISSN 1857-5994

Со трудот се дава акцент на круцијалните моменти кај пациенти со акутен холецистит или пак акутна егзацербација на болест кај пациент со хронична калкулоза, со цел клиничко разрешување, кога еден пациент со ваква клиничка слика треба конзервативно да се третира, а кога е потребно да се индицира рана лапароскопска холецистектомија во првите 72 часа. Ваквиот хируршки пристап превенира компликации коишто можат да влијаат на морбидитетот на пациентот.

2. **Petrovski S** - Повреди на билијарните патишта после лапароскопска холецистектомија - (Medicus Vol. XII September- 2011) ISSN 1857-5994;

Во овој труд е ставен акцент на т.н. интраоперативни компликации или хируршки компликации на билијарното стебло за време на лапароскопска холецистектомија. Анализирани се случаи од Универзитетската клиниката за дигестивна хирургија со повреди на билијарното стебло и кај различни случаи опишани се хируршките можности за реконструкција на билијарното стебло. Овие процедури кореспондираат со дијагнозата на повредата (интра или постоперативна), нејзината локализација, екстензитетот итн.

3. Serafimov, Aleksandar and Simeonovska Joveva, Elena and **Petrovski, Stefan** and Serafimova, Kristina and Todosieva, Kristina (2014) *Баретов езофагус - морфолошки карактеристики и дијагноза.* Medicus, Информативен гласник на јавното здравство - Штип, 9 (19). pp. 12-14. ISSN 1857-5994

Со трудот се опишуваат морфолошките карактеристики потребни за дијагноза на Баретов езофагус. Заболувањето се карактеризира со замена на нормалниот плочест епител во долната третина на езофагусот со метапластичен цилиндричен епител од гастричен или интестинален тип. Во трудот се акцентира потребата од рана дијагноза на ова заболување, бидејќи предиспонира кон развиток на аденокарцином на езофагусот, состојба која во последните 30 години ја зголемила својата честота за околу 300%.

4. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar and **Petrovski, Stefan** and Skenderi, Viollca (2013) *Paraneoplastic disorders affecting the neuromuscular junction: Myastenia gravis associated with paraneoplastic syndrome - case report.* Medicus 2013, Tetovo, 61 (18(1)). pp. 146-149. ISSN 1409-6366UPC

*Паранеопластичните невролошки нарушувања можат да го зафатат кој било дел од невролошкиот систем. Ретко кога моторниот неврон или моторните аксони можат да бидат афектирани кај пациенти со канцер, но сепак доколку се зафатат води до појава на клинички знаци* и *симптоми кои наликуваат на амиотрофична латерална склероза. Друго заболување кое* е *прототип за автоимуно заболување на нервниот систем* е Myasthenia gravis. *Овој труд е приказ на два случаја кај кои* Myasthenia gravis *се јавува како паранеопластично заболување асоцирано со тимом.*

5. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and **Petrovski, Stefan** (2012) *Treatment in patients with speech problems.* Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip. ISSN 1857-5994

Афазијата претставува стекнато нарушување на комуникацијата, што ја нарушува способноста на индивидуата да процесира јазик, но воедно не мора да ја афектира интелигенцијата. Постојат два типа на афазија: флуентни типови на афазија и нефлуентни типови на афазија. Овој труд го објаснува третманот на различните типови на афазија и нејзината диференцијална дијагноза. Го опишува и третманот кај апраксијата и дизартријата како дел од нарушувањата на моторниот говор.

6. Simeonovska Joveva, Elena and Arsovska, Anita and Karakolevska Ilova, Marija and **Petrovski, Stefan** (2012) *Coma in patients with stroke.* In: 5 Congress of the Neurologists of R.Macedonia with international paticipation.

Комата е состојба на несвесност, која трае повеќе од шест часа, кога пациентот не може да се разбуди не одговара нормално на болни стимулуси, светлина, звук, нема нормален циклус на сон-будност и не иницира волеви движења. Со помош на Глазгов кома скалата се проценува степенот на нарушување на свеста. Овој труд е ретроспективна анализа за најзначајните ризик-фактори за цереброваскуларни заболувања, вклучувајќи ја коматозната состојба предизвикана од мозочен удар.

***Конференции, конгреси, симпозиуми***

1. Стручен состанок на тема „Ампутациони техники на долен екстремитет и современ начин на рехабилитација и протетисување“, одржан на 24 април 2009 год., Скопје.
2. Работилница на тема „Примена на фиксни комбинации во третман на артериска хипертензија“, 29 септември 2009 год., Штип.
3. Работилница на тема „Терапија на бубрежна анемија“, 8 јуни 2009 год., Штип.
4. III Конгрес на хирурзите на Р. Македонија од 12-15 мај 2010 год., Инекс Горица - Охрид.
5. Работилница на тема „Имуномодулаторските својства на витамин Ц“, 19.12.2010 год., Штип.
6. Конференција за формирање на Здружение за кардиоваскуларна хирургија на Р. Македонија, 2011 год., Скопје.
7. Работилница на тема „Депресивните растројства во ординацијата на лекарот од ПЗЗ“, 2011 год., Штип.

8. Школа за практикување на медицина базирана на докази, 17-18 март 2012 год., Штип.
9. Симпозиум на тема „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата“, 29 март 2014 год., Штип.
10. V македонски кардиолошки конгрес од 04-07 јули 2014 год., Скопје.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Член во Комисија за упис на студенти од прв циклус на студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на Законот за високо образование на Р.Македонија и врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот д-р Стефан Петровски може да се заклучи дека во сите наведени дејности тој постигнал мошне значајни резултати и покажува постојан и прогресивен стручен развој во областа на дигестивната хирургија.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатот и е на мислење дека д-р Стефан Петровски во целост ги исполнува критериумите за избор во звање асистент-докторанд од научната област дигестивна хирургија. Затоа, со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го избере во асистент-докторанд за научната област дигестивна хирургија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Андреја Арсовски, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Светлана Јовевска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Милка Здравковска, вонреден професор, член, с.р.**

**П Р И Л О Г - 1**

**Табела за вреднување на активностите на асс. д-р Стефан Петровски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Помлад асистент | 10 | | | | 10 |
| 2. | Асистент | 15 | | | | 15 |
| | ВКУПНО | | | | | 25 |
| Р. Бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено (**СЦИ / ЦА / останато**) – во земјава: **4** | 1 | 6 | | | 6 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено (**СЦИ / ЦА / останато**) – во земјава: **1, 2, 3, 5;** | 4 | 3 | | | 12 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на научен собир (во земјава):**6** | 1 | 2 | | | 2 |
| | ВКУПНО | | | | | 28 |
| Р. Бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 2. | Член на факултетски орган, комисија | 4 | 2 | | | 8 |
| | ВКУПНО | | | | | 8 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 61 |